Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

# Упатство за начинот на реализација на наставата

## ПО ИЗБОРНИТЕ ПРЕДМЕТИ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

Согласно Наставниот план за деветгодишно основно образование за учебната 2020/2021 училиштето на учениците им ги нуди следните изборни предмети:

**Од трето до деветто одделение:** Јазик и култура на Власите; Јазик и култура на Ромите; Јазик и култура на Бошњаците; Јазик и култура на Србите; Јазик и култура на Турците.

**Четврто и петто одделение:** Творештво.

**Шесто одделение:** Етика на религии; Запознавање на религиите; Класична култура во европската цивилизација.

**Од шесто до деветто одделение:** Албански јазик.

**Од седмо до деветто одделение:** Нашата татковина; Воспитание за околината; Истражување на родниот крај; Танци и народни ора; Проекти од музичката уметност; Проекти од ликовната уметност; Техничко образование; Проекти од информатика; Изборен спорт; Унапредување на здравјето; Вештини за живеење; Програмирање (осмо и деветто одделение).

Изборните предмети од трето до петто одделение се реализираат со **32 часа** годишно, а сите останати изборни предмети од шесто до деветто одделение ќе се изучуваат со **64 часа** годишен фонд на часови. Бројот на скратени часови по теми е прикажан во табелата подолу.

**Табела 1. Приказ на намалување на часовите за изборните предмети**

| Изборен предмет | Теми со скратени часови |
|---|---|
| Јазик и култура на Власите; Јазик и култура на Ромите; Јазик и култура на Бошњаците; Јазик и култура на Србите; Јазик и култура на Турците. | Имајќи ги предвид значењето и спецификите на наставните предмети за изучување на јазикот и културата на заедниците, во **прилог 1** се дадени одделно понудените теми и содржини од наставните предмети. |
| Албански јазик. | Се намалуваат по 2 часа од секоја тема од наставната програма. |
| Творештво. | IV одделение. Во секоја тема се намалува по 1 час.<br>V одделение. Во секоја тема се намалува по 1 час. |
| Етика на религии. | Тема I: Етиката како наука за доброто и моралот (се изучува со 2 часа). |

| Изборен предмет | Теми со скратени часови |
|---|---|
| Запознавање на религиите. | Тема I: Определување на религијата (се изучува со 7 часа).<br>Тема II: Првите религиозни верувања (се изучува со 11 часа). |
| Класична култура во европската цивилизација. | Тема: Класични јазици (се изучува со 10 часа).<br>Тема: Книжевност (се изучува со 10 часа).<br>Тема: Митологии и верувања (се изучува со 12 часа).<br>Тема: Уметност (се изучува со 10 часа).<br>Тема: Секојдневие (општествен и приватен живот). Се изучува со 10 часа.<br>Тема: Античко наследство (се изучува со 12 часа). |
| Нашата татковина. | Тема: Како е организирана нашата држава и нејзините институции (се изучува со 6 часа).<br>Тема: Главниот град на нашата татковина Скопје (се изучува со 11 часа). |
| Воспитание за околината. | 4 часа се кратат во Тема 1: Водата во одржливиот развој на заедницата и<br>4 часа во Тема 2: Почвата во одржливиот развој на заедницата. |
| Истражување на родниот крај. | Тема 1: Културно историско наследство на родниот крај (се кратат 4 часа).<br>Тема: Соработка со локалната заедница (се кратат 4 часа). |
| Танци и народни ора. | Тема 2: Класификација на народните ора (се изучува со 5 часа).<br>Тема 4: Играорни подрачја (се изучува со 33 часа). |
| Проекти од музичката уметност. | Тема: Проекти од музичката уметност (се кратат 4 часа).<br>Тема: Проекти од музичката уметност (се кратат 2 часа).<br>Тема: Проект музичкиот фолклор околу нас (се кратат 2 часа). |
| Проекти од ликовната уметност. | Тема: Проект воведување во историјата на уметноста (се кратат 3 часа).<br>Тема: Проект ликовна критика (се кратат 3 часа)<br>Тема: Проект ликовен јазик (се кратат 2 часа). |
| Унапредување на здравјето. | Тема 1: Концепт за здравјето (се изучува со 8 часа).<br>Тема 2: Принципи на унапредување на здравјето (се изучува со 4 часа) |
| Вештини за живеење. | Во првата тема: Исхрана и во втората тема: Облекување се кратат по 3 часа.<br>Во четвртата тема: Ученикот како потрошувач се кратат 2 часа. |
| Техничко образование. | Во првите пет теми: Механички механизми; Електротехника; Електроника; Автоматика и Конструктивно творештво се намалува по 1 час<br>Во шестата тема: Интегративни проекти во технологиите се кратат 3 часа. |

| Изборен предмет | Теми со скратени часови |
|---|---|
| Проекти од информатика. | Тема: Основни елементи и фази за изработка на проекти со користење на компјутер (се изучува со 2 часа).<br>Тема: Прибирање, подготовка, организација и зачувување на електронски материјали за изготвување на проект (се изучува со 2 часа).<br>Тема: Проекти со програма за цртање (се изучува со 6 часа).<br>Тема: Проекти со програма за обработка на текст (се изучува со 18 часа). |
| Изборен спорт. | Се разработува само темата: Вежби за правилен физички развој и подигнување на општата физичка подготовка. |
| Програмирање. | Се намалува последната 14. Тема: Примери за посложени алгоритми и програми. |

Наставата по изборните предмети училиштето ја организира во групи за кои се пријавени најмалку 15 ученици од исто одделение, од исти или различни паралелки.

„Новата педагогија" на наставата од далечина подразбира добро разбирање на процесите на учење и нивно поврзување со потенцијалите на иновативните приоди во учењето со користење на дигиталната технологија. За часовите по изборните предмети се препорачува презентирањето на нова наставна содржина да не биде повеќе од половината од предвиденото време на часот, односно околу 15 минути, а преостанатиот дел од часот наставникот да го користи за комуникација со учениците на тема која е битна во тој момент и за која учениците покажале интерес, за прашања од ученици, дополнителни објаснувања, самооценување, давање повратни информации и сл.

Од иновативните педагошки приоди за реализација на наставата по изборните предмети може да се користат:

- *Превртена училница* (flipped classroom), при што учениците прво работат на материјалите и потоа во контакт со наставниците го практикуваат, го дообјаснуваат и го продлабочуваат разбирањето/знаењето.
- *Учење преку компјутерски игри* (game based learning) – се базира на начините на кои игрите можат да го привлечат интересот на учениците и да го олеснат учењето. Постојат две педагошки компоненти: механички елементи (брза повратна информација, цели, учество и развоен предизвик) и емоционални елементи (наративи и идентитети, соработка и натпревар).
- *Компјутерско размислување* (computational thinking) – развива способности за решавање проблеми преку принципите на компјутерските науки. Техниките на овој приод вклучуваат приближни решенија, паралелна обработка, проверка на модели и пребарувачки стратегии. Основните елементи на овој приод се: логичко размислување, декомпозиција, алгоритми, апстракција и шеми.

Во однос на онлајн алатките за реализација на наставата по изборните предмети може да се користат:

Дефинирање на проблем/потреба со кој учениците се среќаваат во секојдневниот живот преку алатки достапни на Националната платформа или преку други дигитални алатки (пр. анкета: преку алатки, како што се: Google Forms, SurveyMonkey, Typeform, видеодискусија/аудиодискусија), онлајн истражување и изработка на можни решенија, за кои потоа учениците ќе се застапуваат/лобираат кај претставници на училишното раководство, локалната самоуправа и/или приватниот сектор преку испраќање на дигитална пошта и/или организирање онлајн средба.
Организирање онлајн дебата/дискусија (преку Националната платформа или преку други алатки, како што се: Kialo, Zoom, Google Hangouts) на тема по избор на учениците, на која може да бидат поканети и членови на локалната заедница (на пример: родители, приватен сектор, општина).
Организирање онлајн квиз (преку Националната платформа или преку други алатки, како што се: Zoom и Google Hangouts) на тема по избор на учениците.
Спроведување на онлајн кампања (преку социјалните мрежи) и/или изработка на училиштен е-весник (преку веб-страницата на училиштето и/или платформи како Medium) со содржини кои ги обработуваат потребите на учениците.
Натпревар во изработка на онлајн продукти (на пример: видео, е-весник, брошура, инфографик, боенки, постери итн. преку Националната платформа или преку други алатки и платформи, како што се: WeVideo, Canva и Piktochart) како потенцијални решенија за секојдневните проблеми/потреби на учениците и/или подигнување на јавната свест за прашања од интерес на учениците.

При реализацијата на учењето од далечина или, пак, при користењето на Националната платформа за реализација на наставата, наставникот користи е-содржини. Од технички аспект е-содржините може да се состојат од следните категории елементи: презентации, интерактивни презентации, анимации, симулации, видеозаписи, аудиозаписи, дијаграми, мапи, текстови. Важно е да се нагласи дека е-содржините треба да придонесат за активно ангажирање на учениците во процесот на учење. Наставата по изборните предмети треба да се заснова на *активни методи и пристапи* што овозможуваат учениците да учат низ искуство. Во таквото учење клучна е улогата на наставникот/наставничката – од него/неа зависи дали изборниот предмет ќе се сведе на пренесување на готови знаења и моралистички пораки за тоа како би требало да се постапува во определени ситуации или, пак, ќе опфати развивање на компетенции што ќе им овозможат на учениците да носат информирани одлуки и да постапуваат одговорно.

Наставниот час по изборните предмети треба да биде исполнет со динамичност. Со комбинирање на различни форми и методи за активно учење може да се избегне рутината, а со тоа и здодевноста на часовите.

Наставата по изборните предмети во суштина подразбира *интерактивна настава*, часови во кои сите ученици активно учествуваат во реализацијата на часот.

Часовите по изборните предмети имаат форма на **работилница со јасна структура**: воведна активност, главна активност, завршна активност, активност за евалуација и рефлексија, заклучок со јасно дефинирани цели на часот и резултати од учењето. Во услови на безбедна, поттикнувачка и кооперативна атмосфера, учениците во работилницата/часот имаат можност активно да се вклучат во текот на целиот процес преку: асоцијации, предлагање идеи, поставување прашања, давање одговори, решавање проблеми, односно преку цртање, моделирање, пишување, движење, драматизација, игри итн. Во работилничкиот процес самиот избор на активности овозможува меѓусебна комуникација, соработка, заедничко истражување, дополнување, со што се создаваат услови за рамноправност во учеството и во одлучувањето.

Учениците во традиционалната култура, особено во образованието, се научени да ги дадат оние одговори кои наставниците ги очекуваат и ги одобруваат. Прашањата кои започнуваат со зборот *дали* најчесто завршуваат со да/не одговори, поттикнувајќи ги токму посакуваните одговори кај учениците. Затоа, кога со учениците се дискутира на темите, мошне важно е да се поставуваат прашања, како на пример: *што мислиш ти, зошто така мислиш, од каде знаеш, каде научи, како, на кој начин*... Поставувањето прашања е моќно средство за поттикнување или за обесхрабрување на развојот на критичкиот и креативниот когнитивен стил на учениците и на наставниците. И за наставниците и за учениците е важно да знаат да поставуваат квалитативно различни прашања. На учениците познавањето на фактите не им е од посебно значење, доколку тие не се анализираат, синтетизираат или реконструираат во форма која ќе биде применлива. За нив е важно да можат да воспоставуваат врски меѓу новите и старите знаења и да умеат да ги поврзуваат содржините со сопственото искуство.Учениците мораат точно да знаат што учат, зошто учат, каде и како ќе можат да го искористат тоа што го учат во текот на школувањето и животот. Треба постојано да се поттикнува нивниот интерес за наставните содржини, да се активира и да се побудува внатрешна мотивираност која поттикнува одредени ментални активности. Некои од начините како тоа може да се поттикнува е со создавање на нејаснотија или сомнеж, давање на примери кои будат сомнеж, преку создавање на противречности, предизвикување на изненадување, воведување на новини и промени во формулирањето на задачите, анализа на ситуации од секојдневниот живот. Проблемските ситуации не треба да бидат оддалечени од искуството на учениците, вештачки, неактуелни, нејасно формулирани. Треба да се потпираат на секојдневното искуство на учениците, нивните интереси, нивните хобија, нивните лични искуства и да се поврзуваат со другите предмети.

**Учењето преку проекти** е важен елемент во остварувањето на целите од изборните предмети, бидејќи овозможува стекнување на посложените компетенции преку користење на различни ресурси и различни начини на собирање, класифицирање и презентирање на податоците, т.е. интеграција на знаења и вештини од различни области, предмети. Преку проектите се овозможува учениците самостојно (работејќи во парови и групи – заедници за учење) да дојдат до повеќе сознанија за одредена тема (на креативен начин), а притоа тие се централна личност во процесот на учење. Знаењата стекнати на овој начин подолго се помнат.

*Селекцијата* на тема или одреден проблем на кој учениците ќе работат го означува почетокот на заедничкиот дијалог во групата. Подразбира учество на што е можно поголем број ученици при дефинирањето на темата/проблемот и е многу важна за мотивацијата на учениците и за чувството на „сопственост“ врз проектот.

*Истражувањето на темата/проблемот* почнува со дискусија и размена на знаењата, информациите, ставовите, дилемите, прашањата кои учениците ги имаат во врска со темата. Основното прашање што се дискутира е: *Зошто е оваа тема/проблем важна/важен за нас?*, но, исто така, е важно и прашањето: *Што знам за темата?; Кои се моите ставови, доживувања...*? Потребно е да се остави доволно време и на учениците да им се дозволи да размислуваат (наставникот да не го дава „вистинскиот одговор“, туку на учениците да им дозволи да осмислуваат, да создаваат, да оценуваат). Во процесот на учење, откривање, поврзување на идеите често се јавуваат идеи кои се чинат глупави, неповрзани, контрадикторни, збунувачки... Наставникот треба да појасни дека тоа е сосема нормален тек и природен дел од процесот на размислување и тоа не треба да се исмева. Средувањето на податоците од истражувањето е неопходно за откривањето на личните значења во процесот: *Што научивме, дознавме, видовме, искусивме, слушнавме...*? Најнапред се започнува со обработка на податоците од истражувањето (броење на одговори од прашалници, анализирање на сличности и разлики, категоризација на одговори, средување на искази од интервјуа, разгледување и средување на документираните материјали, споделување на искуствата, доживувањата, сознанијата од истражувањето и дискусија за нивните значења). Се прават сумирања на новите знаења и активно се реконструираат шемите за прифаќање на новите концепти. Всушност, се учи она што трајно ќе остане научено. Учениците со свои зборови го редефинираат разбраното и на тој начин се формира еден личен значаен контекст. При размената учениците разгледуваат различни шеми и ја проширувaат својата. Кога учениците ќе почнат слободно да ги искажуваат своите идеи ќе се појави една разновидност, треба да се напушти уверувањето дека секогаш постои само едно точно решение и да се потенцира дека се поважни начинот, постапката, процесот до доаѓањето до решението, отколку самиот одговор – продукт/процес. Многу е важно да се изрази доверба во способноста секој ученик да донесува критички судови (кога наставникот изразува почит кон

идеите, мислењето на учениците, тогаш и тие почнуваат да покажуваат поголема почит кон своето мислење), како и да се дискутира за самиот процес на учење, учениците да ја разберат содржината, но и самиот процес на учење. Последните прашања се: *Што сакаме да промениме?; Која е нашата цел*? Овие прашања, всушност, се вовед во наредната фаза. Во оваа фаза најмногу се потенцира и доаѓа до израз потребата за слобода и креативно изразување и творење. Клучно е на учениците да им се креира простор во кој тие ќе ја замислуваат иднината, односно ќе замислуваат остварување, идеална ситуација во однос на темата/проблемот, ќе ја формираат својата визија со користење на боја, звук, музика, движење, игра... Вештината за решавање на проблеми покрај критичко размислување бара и креативен елемент, размислување кое ќе се „одлепи“ од проблемот и ќе овозможи да се предвидат можни решенија.

*Како да ја оствариме целта?; Како да направиме посакувана промена?* Ова се прашањата на почетокот на фазата во која треба да се преземат конкретни чекори кон остварување промена. *Акцијата* може да подразбира уредување на училница, двор, организирање натпревар, средба, изработка на информатор, леток, постер, стрип, драматизација, предлози за процедури, отворање нови проекти или катчиња, правење обуки на врсници, помагање во заедницата и различни други продукти и активности кои произлегуваат од темата и идеите на учениците... Акциите се најтешкиот дел од реализирањето ученички проекти. Во акциите често се доаѓа во судир со ограничувањата во околината, се појавуваат голем број бариери и ова може во голема мера да влијае врз мотивацијата кај учениците и нивните чувства и доживувања. Најважно е учениците да ги научат патиштата и процедурите со кои може да се внесуваат промени, потоа праќањето пораки или издигањето на одредени прашања на ниво на проблем. Отворањето на некои проблеми, самото тоа што се слушнал нивниот глас може да биде доволна акција и на тој начин е постигната и промена од претходната состојба, пред почнувањето на проектот. Важно е наставникот да помогне да се објаснат чекорите до остварување на некоја цел/идеал, наставникот треба постојано да верува и да ги охрабрува учениците дека остварувањето на целите е можно, со добра организација, планирање, доволна посветеност, време. Најважно е да се направат сите напори и да се искористат сите начини и процедури за да се оствари саканата промена. На крајот, исходот од акцијата е неизвесен и наставникот треба да зборува со учениците за различните исходи и нивното значење.

*Информирањето на заедницата* училишната и/или локалната овозможува ширење на информациите и транспарентност на процесот, можност за вклучување на други членови и обезбедување поширока поддршка. Понекогаш информирањето претставува дел од акцијата или целата акција во проектот, особено за теми кои се важни, а се појавуваат и се обработуваат за првпат преку проекти и од учениците и во средина во која информациите слабо циркулираат и не стигнуваат до сите членови на заедницата.

# Рефлексија и оценување

Бројни истражувања утврдиле дека рефлексијата влијае на ефективноста од акциите во заедницата. Потребна е рефлексија (усмена, писмена и дискусија пред и по искуството од учество во проектот). Со помош на рефлексијата учениците можат да стекнат увид во тоа каква е поврзаноста на училиштето со заедницата, како и да ги сместат сопствените акции во контекст на личен раст и развој како активен граѓанин. Конструктивистичките теории на учење сугерираат дека ученикот е активен чинител во сопственото учење, од што произлегува дека во оценувањето акцент треба да се стави на формативното оценување (оценување што има за цел да го подобри учењето). Формативното оценување го вршат наставниците, а учениците треба да имаат активна улога во тој процес. На учениците треба да им биде јасно какви компетенции се очекува да развиваат, што треба да знаат, умеат и (може) да прават. Наставниците ги поттикнуваат учениците да си поставуваат пократкорочни и подолгорочни цели за сопствениот развој и да им овозможат да учествуваат во проценување на сопствената работа и напредокот во учењето и постигнувањето на целите. Во процесот на учење наставниците треба на сите ученици да им даваат повратни информации за тоа како напредуваат и врз основа на тоа со секој ученик да ги определуваат следните активности за учење.

Постигањата по изборните предмети се оценуваат и сумативно за да се знае што е постигнато на крајот на определен период на учење. Сумативното оценување се однесува на систематско и периодично прибирање информации со цел да се процени во кој степен се постигнати резултати од учењето или се задоволени определени стандарди за постигање. Заради обезбедување на поголема веродостојност на сумативните оценки, се препорачува и користење на сознанијата од формативното оценување (оценување на најдобри трудови/репрезентативно портфолио) при нивното формирање.

# Прилог 1

**Упатство за приспособување на наставните програми по изборните предмети Јазик и култура на заедниците по одделенија**

## III одделение

Оваа учебна година за прв пат во трето одделение се воведуваат изборните предмети Јазик и култура на Турците и Јазик и култура на Србите. Наставата претходно не е реализирана, препораката е намалување на часови во следните програмски подрачја:

<u>Јазик и култура на Турците</u>

1. Програмско подрачје: *Слушање*, еден час во делот на содржината *Утврдување на изработениот текст.*
2. Програмско подрачје: *Говорење*, еден час во делот на содржината *Говорење без подготовка.*
3. Програмско подрачје: *Говорење и читање*, еден час во делот на содржината *Пишани симболи.*
4. Програмско подрачје: *Читање и пишување*, еден час во делот на содржината *Техники на пишување на броевите од 1 до 10*.

<u>Јазик и култура на Србите</u>

1. Програмско подрачје: *Слушање и говорење*, еден час во делот на содржината *Усмено изразување, прераскажување ситуација од цртан филм.*
2. Програмско подрачје: *Читање и пишување*, еден час во делот на содржината *Разликување на именките како променлив вид зборови.*
3. Програмско подрачје: *Читање и пишување*, еден час во делот на содржината *Пишување честитка.*
4. Програмско подрачје: *Култура на Србите*, еден час во делот на содржината *Театар – прикажување на куклена претстава.*

<u>Јазик и култура на Ромите</u>

1. Програмско подрачје: *Слушање, говорење, читање и пишување*, по еден час во делот на содржините *Замолување, Заблагодарување, Извинување* и *Честитање.*
2. Програмско подрачје: *Култура на Ромите*, еден час во делот на содржините *Народни песни, инструменти, носии, ора и игри, Приказна, Сказна и приказна.*

<u>Јазик и култура на Бошњаците</u>

1. Програмско подрачје: *Слушање, говорење, читање и пишување*, еден час во делот на содржината *Моите желби и доживувања.*

2. Програмско подрачје: *Изразување и творење*, два часа во делот на содржината *Препишување на кратки текстови и прераскажување на текст/содржини од анимирани филмови.*
3. Програмско подрачје: *Култура на Бошњаците*, еден час во делот на содржината *Стари занаети на Бошњаците.*

<u>Јазик и култура на Власите</u>

1. Програмско подрачје: *Слушање, говорење, читање и пишување*, по еден час во делот на содржините *Замолување, Заблагодарување, Извинување* и *Честитање.*
2. Програмско подрачје: *Изразување и творење*, два часа во делот на содржината *Препишување на кратки текстови и делови од текстови и опишување на слики.*
3. Програмско подрачје: *Култура на Власите*, намалување од еден час.

## IV одделение

Наставните програми за IV одделение по изборните предмети Јазик и култура на Турците и Јазик и култура на Србите нема да се реализираат поради тоа што наставата по овие предмети започнува од трето одделение.

<u>Јазик и култура на Ромите:</u>

1. Програмско подрачје: *Слушање, говорење, читање и пишување*, намалување на три часа во делот на содржините *Слушање на текстови од читанка за настан, случка, место, Приказна, Сказна и приказна.*
2. Програмско подрачје: *Јазик*, намалување на еден час во секоја тема на содржините *Реченица – Видови реченици: прашална, расказна и извична.*
3. Програмско подрачје: *Изразување и творење*, намалување на еден час на содржината *Рецитирање.*
4. Програмско подрачје: *Култура на Ромите*, еден час во делот на содржината *Стари занаети и живеалишта.*

<u>Јазик и култура на Бошњаците:</u>

1. Програмско подрачје: *Јазик, правопис и правоговор*, два часа во делот на содржините *Граматика, Правопис и правоговор.*
2. Програмско подрачје: *Изразување и творење*, три часа во делот на содржините *Усно изразување* и *Писмено изразување.*
3. Програмско подрачје: *Литература и култура на Бошњаците*, три часа во делот на содржините *Хронолошки ред на настаните во расказ, бајка, басна* и *Народни иструменти, носии, ора и игри.*

<u>Јазик и култура на Власите:</u>

1. Програмско подрачје: *Слушање, говорење, читање и пишување*, три часа

во делот на содржините *Јас и другите, Слободно време, Честитање по разни поводи.*
2. Програмско подрачје: *Изразување и творење*, три часа во делот на содржините *Прераскажување во кратки црти на дијалог, приказна или друг краток текст, Опишување по дадени слики, лица и предмети.*
3. Програмско подрачје: *Култура на Власите*, намалување од два часа во делот на содржините, односно комбинирање на содржините во помал број часови.

## V одделение

<u>Јазик и култура на Ромите</u>

1. Програмско подрачје: *Слушање, говорење, читање и пишување*, еден час во делот на секоја од содржините *Народни поговорки, Приказни, Гатанки, Хумористични приказни, Стихотворба* и *Биографија.*
2. Програмско подрачје: *Изразување и творење*, намалување од еден час во наставните содржини *Прераскажување на текст* и *Прераскажување на обработен текст со менување на завршетокот на текстот – раскажување по даден почеток*, односно нивно комбинирање за помал број часови.
3. Програмско подрачје: *Култура на Ромите*, еден час во делот на содржината *Народни песни, инструменти, носии, ора и игри.*

<u>Јазик и култура на Бошњаците</u>

1. Програмско подрачје: Јазик*, правопис и правоговор*, два часа во делот на секоја од содржините *Граматика, правопис и правоговор.*
2. Програмско подрачје: *Изразување и творење*, два часа во делот на секоја од содржините *Усно изразување* и еден час во содржините *Писмено изразување.*
3. Програмско подрачје: *Литература и култура на Бошњаците*, еден час во делот на содржината *Проза* и два часа во делот *Култура на Бошњаците.*

<u>Јазик и култура на Власите</u>

1. Програмско подрачје: *Слушање, говорење, читање и пишување*, четири часа во делот на секоја од содржините *Актуелни теми за училиштето, семејството и опкружувањето, Мојата околина* и *Слободно време.*
2. Програмско подрачје: *Изразување и творење*, еден час во делот на секоја од содржините *Усно изразување* и еден час во содржините *Писмено изразување.*
3. Програмско подрачје: *Култура на Власите*, намалување од два часа во делот на содржините, односно комбинирање на содржините во помал број часови.

Што се однесува до **VI одделение**, предлагаме наставата да се намали за 8 часа за изборните предмети Јазик и култура на Ромите, Јазик и култура на Бошњаците и Јазик и култура на Власите на следниот начин:

1. Во програмското подрачје *Јазик* – да се намалат два часа во делот на содржината *Граматика.*
2. Во програмското подрачје *Изразување и творење* – да се намали еден час во делот на содржината *Усно изразување* и еден час во делот на содржината *Писмено изразување.*
3. Во програмското подрачје *Култура на заедниците* – да се намалат за два часа содржините од делот *Литература* и два часа во делот *Култура на заедниците.*

## VII одделение

Предлагаме наставата да се намали за 8 часа за изборните предмети Јазик и култура на Ромите, Јазик и култура на Бошњаците и Јазик и култура на Власите на следниот начин:

1. Во програмското подрачје *Јазик* – намалување за три часа, комбинирано на наставните единици со намален број од три часа во делот на содржините: *Морфологија, Фонетика* и *Синтакса.*
2. Во програмското подрачје *Изразување и творење* – намалување за два часа во делот на содржините *Усно изразување* и *Писмено изразување.*
3. Во програмското подрачје *Култура на заедниците* – намалување за три часа во делот на содржините *Народна поезија, обичаи, народни ора, инструменти*, односно комбинирање на наставните единици за оваа содржина со намалување за предвидениот број наставни часови.

## VIII одделение

Предлагаме наставата да се намали за 8 часа за изборните предмети Јазик и култура на Ромите, Јазик и култура на Бошњаците и Јазик и култура на Власите на следниот начин:

1. Во програмското подрачје *Јазик* – намалување за три часа во делот на содржините *Развој на писменоста , Морфологија* и *Фонетика.*
2. Во програмското подрачје *Изразување и творење* – намалување за два часа во делот на содржините *Усно изразување* и *Писмено изразување.*
3. Во програмското подрачје *Култура на заедниците* – намалување за три часа со комбинирање на наставните единици според дадени наставни содржини.

## IX одделение

Предлагаме наставата да се намали за 8 часа за изборните предмети Јазик и култура на Ромите, Јазик и култура на Бошњаците и Јазик и култура на Власите на следниот начин:

1. Во програмското подрачје *Јазик* – намалување за три часа во делот на содржините *Морфологија, Синтакса, Речник и стил.*
2. Во програмското подрачје *Изразување и творење* – намалување за два часа во делот на содржините *Усно изразување* и *Писмено изразување.*
3. Во програмското подрачје *Култура на заедниците* – намалување за три часа, еден час во содржината *Литература* и два часа во содржината *Култура на заедниците.*

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education